УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/22 од 8.6.2020 год.

Врз основа на член 172 и 173 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018), член 11, член 42 и член 44 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 411/2018) и член 62 од Статутот на Архитектонскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет, на 50. седница одржана на 3.6.2020 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за избор во наставно-научно звање вонреден професор**

I Д-р Ана Ивановска Дескова, доцент на Архитектонскиот факултет – Скопје, се избира во наставно-научно звање вонреден професор во научните области: Развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство-20103 и Конзервација и ревитализација на културно-историски споменици- 20113, на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

II Составен дел на оваа одлука е Извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1215 од 15.5.2020 година.

III Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научните области: Развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство-20103 и Конзервација и ревитализација на културно-историски споменици- 20113 објавен во дневните весници „ Нова Македонија " и „Коха" на 2.4.2020 година, се пријави еден кандидат, д-р Ана Ивановска Дескова, доцент на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет - Скопје.
Рецензентската комисија, формирана со Одлука на Наставно- научниот совет бр.08-6/64 од 16.4.2020 година, во предвидениот рок подготви извештај ( реферат) за пријавениот кандидат со предлог за избор во повисоко звање.
Рефератот е објавен во Универзитетскиот билтен број 1215 од 15.5.2020 година.
Согласно Извештајот на Рецензентската комисија, Наставно-научниот совет на Факултетот донесе одлука како во диспозитивот.

Декан

Проф. д-р Огнен Марина

Доставено до:
- Архивата
- Именуваниот наставник
- Човечки ресурси
- Благајната